ТоплификацијА АД - Скопје

Друштво за производство и дистрибуција на топлинска енергија


До


Лондонска б.б.
1000 Скопје
Р. Македонија
Тел.центр: 02/30 97 600
Тел.: 02/30 97 615
Факс : 02/30 36 057
kirovski@toplif.com.mk
www.toplif.com.mk


Датум 16.11.2011

## Известување во врска со коментарите во информативните програми на телевизија Сител

Коментарите кои претходните два дена зачестија во дневните информативни програми на телевизија Сител се целосно невистинити, тендециозни и злонамерни. Очигледно е дека водителот на дневникот воопшто не ја познава проблематиката за која си земал за право да коментира.

Пазарот на топлинска енергија во Република Македонија одамна е демонополизиран согласно позитивните законски прописи кои се хармонизирани со прописите и директивите на Еврпската Унија и согласно праксата.

Сите лиценци за вршењето на трите регулирани дејности: Производство на топлинска енергија, Дистрибуција на топлинска енергија и Снабдување со топлинска енергија се доделени на посебни јавни тендери. Некои од тие тендери се објавуваа по повеќе пати, бидејќи на истите никој не се јавуваше. На тие јавни тендери, за секоја од дејностите поврзани со снабдувањето со топлина на граѓаните можеше да се јави било кој заинтересиран субјект. Фактот дека на јавните тендери за добивање лиценци за сите три регулирани дејности не се јави никој, доволно кажува дали се работи за монопол или не. Фактот дека Топлификација АД е единствена фирма која ги врати лиценците за регулирани дејности, доволно кажува дали се работи за монопол или не.

Кога веќе е добиена лиценцата, доколку носителот на лиценца не ја исполнува својата обврска согласно со барањата на лиценцата или има финансиски резултати различни од оние кои се одобрени со одлуката на Регулаторната комисија за енергетика, Регулаторната комисија за енергетика треба да реагира и во краен случај да ја одземе лиценцата за вршење на дејноста. Фактот дека Регулаторната комисија за енергетика не го сторила тоа до сега, доволно кажува за исправноста на работењето на Топлификација АД.

Во такви законски услови за функционирање на пазарот на топлинска енергија во државата и со вака реализираната пракса коментарите дека Топлификација АД ја злоупотребува

монополската позиција се неточни и предизвикуваат штета и на Топлификација АД, но и на државата.

Штетата на Топлификација АД е што се наведени многу невистини за работењето на ова друштво од кој најголема е невистината за злоупотреба на монополската позиција.

Штетата по државата е многу поголема од онаа на нашето друштво, бидејќи и покрај тоа што пазарот на топлинска енергија е законски решен по сите стандарди на Европска Унија и функционираат сите органи кои согласно тие законски решенија треба да функционираат, од коментарите произлегува дека државата дозволува злоупотреба на монополска позиција поради некакви непознати причини.

А причината за оваа хајка против Топлификација АД е во неподмирениот долг на телевизија Сител и намерата на коментаторот да издејствува позитивен одговор на последното барање до Топлификација АД за намалување на долгот. Се работи за прилично висока сума направена во минатите години за испорачана топлинска енергија која оваа телевизија не ја подмирува. Методата која ја користи овој коментатор е добро позната за нас и се повторува при секое негово барање до УО на Топлификација за намалување на долгот. Со оглед на тоа што и последното негово барање е одбиено, како и многуте претходно, реакцијата е очекувана и за нас не претставува изненадување.

Корекцијата на цената за испорачана топлинска енергија која важи од 01.11.2011 година е изнудена поради постојаното зголемување на енергенсите кои се користат при производството на топлинска енергија. Цената на природниот гас и цената на мазутот во последните три години бележи константен пораст. Цената на природниот гас од 2009 година до денес е зголемена за 83%, а цената на мазутот за 62%. , Ако се има предвид дека горивото во финалниот производ на Топлификација учествува со 75%, од кои природниот гас со 70%, а мазутот со 30%, јасно е дека секое зголемување на цената на овие енергенси има големо влијание во цената на топлинската енергија. Последното зголемување на цената на природниот гас од 38% во однос на цената во вториот квартал кога Топлификација ја завршуваше претходната грејна сезона, предизвика зголемени трошоци во работењето по основ на цената на горивото на Топлификација. Поради тоа, согласно Правилникот за формирање цена на топлинска енергија за греење, побарана е од Регулаторната комисија за енергетика корекција на цената. Оваа цена е со важност до 31.12.2011 година, така што во зависност од движењето на двата енергенси, можно е во наредната година цената на топлинска енергија да претрпи и намалување, како што повеќепати се случи во минатото.

Таканаречените анализи кои бомбастично се прикажуваат на телевизија Сител каде се нема елементарно познавање од областа за која се дискутира и не се прави разлика на цена на нафта на светската берза со цена на мазут на домашниот, пазар нема да ги коментираме бидејќи се под нашето ниво на комуникација.

Топлификација АД е супер котирана компанија на Македонската берза со преку 2700 акционери, каде секојдневно се тргува со нејзините акции. Најголемиот поединечен акционер е компанија од Словенија која поседува 18% од акциите, додека Управниот одбор поседува 1,8% од акциите. Топлификација АД е прва компанија која котира на супер котација на македонската берза за хартии од вредност, каде редовно ги исполнува сите обврски за

доставување на потребните извештаи кои се достапни до јавноста на интернет сајтот на берзата.

Топлификација АД е компанија која учествува во најголемата странска “гринфилд” инвестиција во државата, првата гасна електрана на овие простори, ТЕ-ТО АД. Финансирањето на овој проект е исклучиво од сопствени средства и за тоа не е искористен ниту еден денар од средствата наменети за регулираните дејности кои ги обавува Топлификација АД. Ова е добро познато на Регулаторната комисија за енергетика и на сите останати институции кои вршеле контрола на работењето на Топлификација АД.

И покрај тоа, ние подолго време бараме од Регулаторната комисија за енергетика да направи ревизија на работењето и нејзиното влијание врз финансиските резултати на друштвото. Ревизијата која Регулаторната комисија за енергетика ја направи во 2008 година каде се прикажани штетите кои ова регулаторно тело ги има направено на друштвото, се уште не е достапна до нас, ниту пак до судските органи каде се водат судски спорови со Регулаторната комисија. Топлификација АД веќе има поведено повеќе судски спорови со Регулаторната комисија за енергетика, а во јули 2010 година јавното обвинителство поднесе кривични пријави за основано сомневање за злоупотреба на службената должност за направена штета од преку 10 милиони евра.

Во услови кога Топлификација АД е во постојан конфликт со Регулаторната Комисија за Енергетика од 2006 година кога само со една одлука е направена штета од над 4 милиони евра, а со последната одлука има неодобрен износ од над 1 милион евра кој е сега во процес на жалба, да се коментира дека оваа комисија и помага на Топлификација АД да заработува незаконски профити, е незнаење какво може да има само коментатор кој нема елементарно познавање и информации за работата која ја коментира.

Со оглед на тоа што невистините кои се изнесуваат во наведениот медиум можат да им нанесат огромна штета на акционерите, Топлификација АД ќе покрене сериозен судски спор против сите оние кои на овој начин се обидуваат да го нарушат угледот на друштвото.

**Топлификација АД**